МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА

СКОПЈЕ , декември 2010 години

# ВОВЕД

## I.Оцена на состојбите во областа и причини за донесување на законот

Владата на Република Македонија со заклучок на својата Сто и педесеттата седница одржана на 07.04.2010 година усвои пакет од петнаесет мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија. На Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.05.2010 година, по однос на Информацијата за статусот на имплементација на мерките за унапредување на казнената политика во Република Македонија, Владата на Република Македонија усвои динамика за поднесување на предлог-законите за измена и дополнување на законите согласно мерките за унапредување на казнената политика, меѓу кои и на Законот за преземање на акционерските друштва.

Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва се врши прегрупирање на прекршочните одредби во зависност од тежината на сторениот прекршок и се врши намалување на висината на претходно пропишаните глоби. Притоа, се предвидува рангирање на прекршоците во две групи и тоа прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба.

## II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Донесувањето на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва е со цел унапредување на казнената политика.

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва се заснова на начелото на правичност во одмерување на висината на глобите, согласно деловните стандарди, која ќе има репресивен карактер и ќе биде соодветна на сторениот прекршок.

Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва се:

- соодветно групирање на глобите во зависност од нивната тежина и нивна поделба во две групи и тоа, прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба,
- намалување на висината на глобите.

**III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства**

Намалувањето на глобите предвидени со овој Предлог на закон во иднина нема да предизвика намалување на приходите во Буџетот на Република Македонија, заради фактот што досега и не ни биле изречени глоби врз основа на Законот за преземање на акционерски друштва.

**IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти**

Спроведувањето на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

П Р Е Д Л О Г

НА

**Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва**

**Член 1**

Во Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 04/2002, 37/2002, 36/2007 и 67/2010), членот 69 се менува и гласи:

“Член 69

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-понудувач , ако:

-не даде јавна понуда за откуп на хартии од вредност во случаите од член 4 ставови 1 и 4 и член 60 став 1 од овој закон;

-во понудата цената или односот за замена на хартиите од вредност ја определи спротивно на член 7 ставови 3, 4 и 5 од овој закон ;

-во понудата за откуп понуди исплаќање на цената на хартиите од вредност спротивно на член 8 ставови 5 и 6 од овој закон ;

- не понуди исплаќање на разликата во цена во пари согласно член 9 од овој закон;

-понудата не ги содржи елементите утврдени со член 11 од овој закон ;

- исполнувањето на условот не го објави во рокот утврден во член 12 став 2 од овој закон;

-наведе невистинити информации и податоци согласно член 20 од овој закон;

-даде понуда за откуп без дозвола од Комисијата согласно член 23 став 1 од овој закон;

- не го објави и не го достави проспектот за откуп согласно со член 24 ставови 1 и 3 од овој закон;

-не склучи договор за вршење услуги во постапката на преземање согласно член 28 од овој закон;

-пред објавување на понудата за откуп не депонира средства во Централниот депозитар за хартии од вредност или не обезбеди банкарска гаранција согласно член 29 од овој закон;

-не даде налог за резервирање на хартии од вредност за замена согласно член 30 став 1 од овој закон;

-купува хартии од вредност, кои се предмет на понуда за откуп спротивно на член 31 став 1 од овој закон;

-не постапи по одлуката на Комисијата од член 32 став 1 од овој закон;

-за зголемување на основната главнина не го извести Централниот депозитар за хартии од вредност согласно член 45 став 1 од овој закон;

-не постапи според одредбите на овој закон во однос на плаќањето на цената на хартиите од вредност во пари согласно член 47 став 1 од овој закон ;

-не ги купи акциите на останатите акционери доколку поднесат барање за принудно купување согласно член 50-б став 1 од овој закон;

- даде конкурентска понуда за откуп спротивно на одредбите од член 52 од овој закон ;

- не ја известува Комисијата, во врска со стекнувањето на хартии од вредност во случаите утврдени во член 59 став 1 од овој закон;

- не ги објави јавно деловните настани или не ја извести Комисијата за деловните настани од член 66 ставови 1 и 2 од овој закон кои би можеле значително да влијаат на цената на хартиите од вредност;

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичко лице-понудувач."

**Член 2**

По членот 69 се додаваат два нови члена 69-а и 69-б кои гласат:

"Член 69-а

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице понудувач , ако:

-за својата намера за откуп не ја извести Комисијата согласно членовите 16 и 17 од овој закон;

-со понудата истовремено не го достави проспектот за откуп согласно член 19 од овој закон;

-не ја објави променетата понуда за откуп или не ги извести Комисијата и Централниот депозитар за промената на понудата за откуп согласно член 22 став 1 од овој закон;

-не депонира дополнителен депозит врз основа на променетата понуда за откуп согласно член 22 став 2 од овој закон;

- не го објави извадокот од проспектот за откуп и понудата за откуп согласно член 24 став 1 од овој закон;

- не го дефинира рокот за прифаќање на понудата за откуп согласно со член 27 од овој закон;

- не го објави повлекувањето на понудата за откуп во утврдениот рок согласно член 38 од овој закон;

- не ги извести Комисијата и Централниот депозитар за хартии од вредност за повлекување на понудата за откуп согласно член 39 од овој закон;

- не постапи согласно член 40 став 1 од овој закон во однос на објавувањето на имателите кои ја прифатиле понудата за откуп;

- не ги достави потребните податоци до органите утврдени со овој закон согласно член 40 став 2 од овој закон;

- даде понуда надвор од роковите утврдени со член 49 од овој закон ;

- не го извести издавачот на хартиите од вредност и Комисијата за стекнувањата од 5 % од вредноста од хартии од вредност со право на глас или за секое наредно стекнување од 5 % согласно член 64 став 1 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичко лице-понудувач .

Член 69-б

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, ако:

- не постапува според одредбите од член 54 од овој закон;

- не ги доставува потребните информации на барање на Комисијата согласно член 58 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

**Член 3**

Во членот 70 ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерското друштво кое се презема, ако:

- не се објави мислењето во врска со понудата согласно член 25 став 1 од овој закон и

- не се известат вработените во врска со понудата за откуп согласно член 26 од овој закон.“

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Измените и дополнувањата на Законот за преземање на акционерските друштва се во насока на унапредување на казнената политика во Република Македонија во областа на пазарот на хартии од вредност, поточно во делот на преземањето на акционерските друштва.

Со членот 1 од Предлогот на законот се менуваат прекршочните одредби во законот од аспект на висината на глобите пропишани за прекршоците, поточно се врши измена на членот 69 од законот со цел да се рангираат сите досегашни пропишани прекршоци во две групи и тоа група на прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба и група на прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна висина на глоба. Во членот 69 кој се менува со оваа измена на законот се содржани само прекршоци изречени на правно лице – понудувач кои се рангирани во групата на прекршоци од трет ранг и за кои е предвидена висока глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 2 од Предлогот на законот се додаваат два нови члена 69-а и 69-б. Новиот член 69 - а содржи прекршоци рангирани во групата на прекршоци од втор ранг за кои е предвидена глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност. Оваа измена е направена со цел намалување на висината на прекршоците во Законот за преземање на акционерски друштва во насока на унапредување на казнената политика на Владата на Република Македонија.

Новиот член 69-б кој се воведува со членот 2 од Предлогот на законот всушност содржи дел од прекршоците од постоечкиот член 69 кои се издвојуваат во посебен член заради фактот што се работи за прекршоци направени од овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. Овие прекршоци се рангирани во групата на прекршоците од трет ранг за кои е предвидена висока глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 3 од Предлогот на законот се врши менување на членот 70 од законот со цел да се допрецизира дека прекршоците во овој член се однесуваат на акционерското друштво кое се презема, односно за компанија на која се однесува понудата за откуп. Истовремено дел од постоечките прекршоци во овој член се пренесоа во членот 1 од Предлогот на законот бидејќи се однесуваат на понудувач за откуп, а не на акционерско друштво кое се презема.

Со Предлогот на законот се врши допрецизирање на формулациите на дел од прекршоците утврдени во Законот за преземање на акционерските друштва.

## II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви применливи во пракса.

## III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва се постигнуваат целите за унапредување на казнената политика.

## Извод одредби од Законот за преземање на акционерските друштва

### Член 69

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице , ако:

-не даде понуда за откуп на хартии од вредност во случаи утврдени со овој закон (член 4 ставови 1 и 4 и член 60 став 1);

-во понудата цената или односот за замена на хартиите од вредност ја определи спротивно на овој закон ( член 7 ставови 3, 4 и 5 );

-во понудата понуди исплаќање на цената спротивно на овој закон (член 8 ставови 5 и 6);

-не понуди исплаќање на разликата во цена во пари ( член 9 );

-понудата не содржи елементи утврдени со овој закон (член 11);

-за својата намера за откуп не ја извести Комисијата ( членови 16 и 17 );

-со понудата истовремено не го објави проспектот за откуп (член 19);

-наведе невистинити информации и податоци ( член 20 );

-не ја објави или извести Комисијата за промена на понудата ( член 22 став 1 );

-не депонира дополнителен депозит врз основа на променетата понуда (член 22 став 2);

-даде понуда за откуп без да дозвола од Комисијата ( член 23 став 1);

-не ја дефинира понудата во роковите утврдени со овој закон ( член 27);

-пред објавување на понудата за откуп не депонира средства во Централниот депозитар за хартии од вредност или не обезбеди банкарска гаранција (член 29);

-не издаде налог за резервирање на хартии од вредност за замена ( член 30 став 1 );

-купува хартии од вредност, предмет на понуда спротивно на овој закон (член 31 став 1);

-не постапи по одлуката на Комисијата ( член 32 став 1 );

-не го објави повлекувањето на понудата во утврдениот рок ( член 38 );

-не ја извести Комисијата за повлекување на понудата ( член 39 );

-не постапи согласно со одредбите на овој закон во однос на објавувањето (член 40 став 1);

-не ги достави потребните податоци до органите утврдени со овој закон (член 40 став 2);

-не постапи според одредбите на овој закон во однос на плаќањето ( член 47 став 1);

-даде понуда надвор од роковите утврдени со овој закон ( член 49);

-даде конкурентска понуда спротивно на одредбите од овој закон (член 52);

-овластениот учесник не постапува според одредбите од овој закон (член 54);

-овластениот учесник не ги доставува потребните информации на барање на Комисијата согласно овој закон (член 58);

-не ја известува Комисијата, во врска со стекнувањето на хартии од вредност во случаите утврдени со овој закон ( член 59 став 1 );

- не извести според овој закон за стекнувањата од 5 % од вредноста од хартии од вредност со право на глас или за секое наредно стекнување од 5 % (член 64 став 1);

-не ги објави или извести Комисијата за деловните настани кои би можеле значително да влијаат на цената на хартиите од вредност ( член 66 ставови 1 и 2 ) и

- не го објави извадокот од проспектот за откуп и понудата за откуп согласно член 24 став 1.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичкото лице.

**Член 70**

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

- исполнувањето на условот не се објави во рокот утврден со овој закон (чен 12 став 2)

- не се достави проспектот за откуп ( член 24 ставови 1 и 3);

- не се објави мислењето во врска со понудата ( член 25 став 1);

- не ги извести вработените во врска со понудата (член 26);

-не склучи договор за вршење услуги согласно со овој закон ( член 28) и

-за зголемување на основната главнина не го извести органот утврден со овој закон (член 45 став 1).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.